ОРГАНДАРИТЕЛСТВО
КАКО СОВЕТОТ НА ЕВРОПА УЧЕСТВУВА?



ЧЕТИРИ ГЛАВНИ ПРИНЦИПИ СЕ ВОДЕЧКИ ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО АКТИВНОСТА ПРИ ТРАНСПЛАНТАЦИЈАТА НА ОРГАНИ:

- Осигурување на дигнитетот -достоинство на хуманото битие
- Одржување и иднина на човековите права и фундаментални слободи
- Некомерцијализација на супстанци од човечко потекло
- Заштита на дарителот и примателот

Европскиот Комитет (делумен договор) за трансплантација на органи (CDP-TO) е задолжен за организациски аспекти и соработка во трансплантацијата на органи.Тоа е European Directorate for Medicines&Health Care (EDQM,Council of Europe) кој е носител на овие активности на Европско ниво. Комитетот се фокусира на развивање и промоција на некомерцијализацијата на органодарителството,како и преземање мерки за борба против трговија со органи и воопшто,развој на стандарди поврзани со етичноста,квалитетот и безбедноста на ова поле.Денес,32 европски земји,6 земји набљудувачи, Светската здравствена организација и Европската комисија соработуваат на ова поле.Резултат на оваа работа е објавување на консензус извештаи наменети за подобрување на практиките,меѓународните истражувања и препораките на Комитетот на Министри до земјите членки за развој и донесување на национални закони. "Водич за безбедност и гаранција за квалитет за трансплантација на органи,ткива и клетки" беше публикуван (3-то издание со значаен додаток беше публикуван 2009).Овој водич наменет за сите професионалци вклучени во трансплантација на органи. Од 1998 година,Советот На Европа секоја година го организира Европскиот ден на органодарителство и трансплантација да се промовира ова залагање на Европско ниво.Секоја година тоа е подржано од одредена земја членка како промоција на овие залагања низ целата нивна држава.

За повеќе информации посетете:

www.edqm.eu www.coe.int

Издадено од:

НЕФРОН ИНФО ЦЕНТАР 02 / 3 22 58 99
ЗДРУЖЕНИЕ НА БУБРЕЖНО БОЛНИ ГРАЃАНИ
www.nefron.mk

Со одобрение на:

edqm
European Directorate for the Quality of Medicines & HealthCare | Direction europ enne de la qualit du m dicament & soins de sant

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE





ОРГАНОДАРИТЕЛСТВОТО НАЈВИСОК ЧИН НА ЧОВЕКОЉУБИЕ !

"АЈДЕ! ДА ЗБОРУВАМЕ ЗА ТОА..."

edqm
European Directorate for the Quality of Medicines & HealthCare | Direction europ enne de la qualit du m dicament & soins de sant

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

©EDQM, Council of Europe on publication in English and French


Овој превод е публикуван на Македонски јазик со дозвола на EDQM, Council of Europe и е на сопствена одговорност на преведувачот и издавач Здружение Нефрон - Р.Македонија

Бубрези, црн дроб, срце. Бели дробови... и покрај напредокот на медицината со скокови и ограничувања, листите на чекање на трансплантат се уште подолги од кога и да е. Денес повеќе од 50 000 луѓе во Европа се на листите на чекање за трансплантант.

Секој ден 12 од нив умираат поради недостиг на расположливи органи.

Од 1987г. Европските држави во Советот на Европа работат на прогресот на етичките прашања на дарителите и примателите, за да ги подобрат организациските аспекти на трансплантацијата на органи и да го промовираат органодарителството во Европа.





ОРГАНДАРИТЕЛСТВО

Одговори на најчесто поставуваните прашања:

1. Кои органи најчесто се трансплантираат?

- **бубрези,** за да се отстрани потребата од дијализа;
- **панкреас,** за да се отстрани потребата од инсулин;
- **црн дроб, бели дробови, срце** или **тенко црево,** кога органот не е во можност да го одржи натамошното преживување на пациентот;
- **коскена срж,** која се користи за да се возобноват крвните клетки при одредени состојби и после антиканцер терапија.

Ткивна донација:

- **кожа,** за третман на сериозни изгореници;
- **срцеви валвули** или **артерии,** по одредени услови;
- **коски;**
- **корнеа,** кога овој тенок заштитен филм на окото е оштетен поради катаракта или траума:
- **оперативниот зафат.**

2. Кои трансплантанти се земаат денес ?

Речиси сите органи или ткива може да бидат трансплантирани.
Модерните трансплантациони техники денес пружаат неограничени можности, благодарение на направените истражувања, особено во трансплантацијата од живи дарители.

Оваа трансплантацијата се случува најчесто помеѓу членови на иста фамилија.
Главните предности на овој вид трансплантација се намалување на времето на чекање и планирање на оперативниот зафат.

3. Која е разликата помеѓу дарителството на орган и дарителството на цело тело?

❤ **Дарувањето на органи или ткива за тераписки цели** се фокусира исклучиво на отстранување - земање на органи или ткива кои му се потребни на медицинскиот тим за да се третираат пациенти чии витални органи (или ткива) се исклучително оштетени или комплетно деструирани.

❤ **Целотелесното дарување за науката** е кога личноста - индивидуата бара најзиното тело (органи и ткива) да биде користено за медицински или научни истражувања по смртта.

Двата типови на дарителство не се инкомпатибилни: личноста може да ги дарува (подари) своите органи, ткива и целото тело.

4. Кога индивидуата може да ги даде своите органи и ткива?

❤ **За време на животот,** индивидуата може под одредени многу специфични услови, да дарува делови од телото за трансплантација на пример: бубрег, или поретко дел од црниот дроб или белите дробови, или клетки од коскената срж и клетки од одредени

❤ **По смртта,** можностите за дарителство се многу поширoки. Дарувањето на срцето, бубрезите, црниот дроб, обете белодробни крила, корнеата,панкреасот,коските... но дарувањето мора да се изведе со многу кратко одложување (во краток временски интервал), откако ќе биде констатирана смрт или потврдена од лекар.

5. Постои ли старосен минимум за да се биде дарител?

❤ **Не постои возрасен минимум;** доволно е само отстранетото ткиво или органот да бидат здрави. Но во случаи на неполнолетни дарители само родителите можат да дадат согласност за дарителство под посебни специјални критериуми како би се осигурале дека се почитуваат нивните права.

6. Кога се отстрануваат органите?

Секогаш кога легално ќе биде декларирано од лекарот дека кај индивидуата настапила мозочна смрт.

Натамошната функција на органите се одржува на вештачки начин (артефицијална вентилација и перфузија).

7. Како се отстрануваат органите?

Трансплантацискиот тим не смее да започне трансплантација /експлантација без претходно да се провери дали се исполнети следниве критериуми:

❤ **Дали постојат законски или медицински причини** против органодарителството;

❤ **Дали индивидуата е регистрирана дека е против органодарителство;**

❤ **Дали семејството е информирано** и е согласно дека желбата на починатото лице е почитувана.

Отстранувањето на органите е хируршко и се изведува во операциона сала, според еден строг протокол, со прецизен ред на постапки, така што телото се враќа на семејстово во најдобра можна состојба.

8. Дали е трансплантационата процедура јасно дефинирана?

❤ **Во Европа, апсолутно.** Прво, бидејќи оваа интервенција може да биде спроведена од високо специјализиран тим и во авторизирани медицински установи.
Второ, бидејќи во одредени земји болничките координатори се присутни во текот на целиот процес за да се обезбеди почитувањето на "правилата на добра пракса".
На крај, затоа што се преземаат сите превентивни мерки за да се сочува човечкото достоинство и да се заштитат правата на дарителот и примателот. Всушност националните закони во Европа ги регулираат дарителството и трансплантацијата, а ги забрануваат продавањето и трговијата со органи, ткива и клетки, и ја осигуруваат и почитуваат анонимноста помеѓу дарителот и примателот.



ОРГАНДАРИТЕЛСТВО

КАКО ДА СЕ ВКЛУЧИМЕ?



Од СТАТИСТИКАТА: *

- **Шпанија** **35,3 дарители** на 1 милион жители

и

- **Австрија** **24,5 дарител** на 1 милион жители

имаат највисок степен на дарителство по глава на жител.

- **Германија** **10,7 дарители** на 1 милион жители,

а

- **Грција** **5,6 дарители** на 1 милион жители.

*Newsletter “Transplant” Vol.19 N°1,Sept.2014

На персонално-лично ниво:

Реши дали ќе бидеш дарител и обзнани го тоа.

-Обезбеди дарителска картичка: за тоа информирај се кај твоите државни власти или кај некоја асоцијација за органодарителство. Некои адреси се набројани подолу.

-Регистрирај ја твојата одлука и зборувај со твоите најсакани за твојата желба. Со дискусија со твоите најблиски за твојата одлука за дарителство би се избегнале тешкотиите при соочувањето и одлуките по твојата смрт.

-Твојата одука за дарителство не се регистрира ниту пополнува од ниту една државна институија. **Запомни секогаш да ја носиш дарителската картичка со себе,** заедно со твојата лична карта.
Тоа е она што персоналот во ургентните центри или медицинскиот персонал прво го проверува. Исто така, можете да ја оставите дарителската картичка на близок роднина кој би бил консултиран по Вашата смрт.

ВО СЕКОЈ МОМЕНТ ИМАТЕ ПРАВО ДА ГО ПРОМЕНИТЕ СВОЕТО МИСЛЕЊЕ!

Адреси и корисни линкови до организациите во Европа

- **Austria**
  Austrotransplant:
  www.austrotransplant.at

- **BaltTransplant**
  (Estonia, Latvia and Lithuania):
  www.transplantacija.lt/content/apiemus.en

- **Belgium**
  Belgian Transplantation Society:
  www.transplant.be

- **Bulgaria**
  Bultransplant: **www.bgtransplant.bg**

- **Croatia**
  Donor Network of Croatia: **www.hdm.hr**

- **Czech Republic**
  Czech Transplantation Coordinating Center (KST): **www.kst.cz/web/home-en** and Ministerstvo zdravotnictví České Republiky:
  www.mzcr.cz

- **Denmark**
  Dansk Center for Organdonation:
  www.organdonation.dk

- **Estonia**
  Tartu University Hospital:
  www.kliinikum.ee

- **Eurotransplant International Foundation**
  (Austria, Belgium, Croatia, Germany, Luxembourg, the Netherlands and Slovenia):
  www.transplant.org

- **France**
  Agence de la biomédecine:
  www.agence-biomedecine.fr
  and Association pour le Don d'Organes et de Tissus humains: **www.france-adot.org**

- **Georgia**
  Georgian Association of Transplantologists:
  www.transplantation.ge

- **Germany**
  Deutsche Stiftung Organtransplantation:
  www.dso.de
  and Bundeszentrale für gesundheitliche Aufklärung: **www.bzga.de**

- **Greece**
  Hellenic National Transplant Organization:
  www.eom.gr

- **Hungary**
  Hungaro transplant: **www.htp.hu**

- **Ireland**
  National Organ Procurement Service:
  www.beaumont.ie/depts/support/transplant/organ_procurement.html

- **Italy**
  Centro Nazionale Trapianti (CNT):
  www.trapianti.ministerosalute.it
  and Associazione Italiana per la Donazione di Organi, Tessuti e Cellule (AIDO):
  www.aido.it and Associazione Inter-Regionale Trapianti (AIRT): **www.airt.it**
  and Nord Italia Transplant: **www.nitp.org**

- **Latvia**
  see BaltTransplant.

- **Lithuania**
  National Bureau on Transplantation:
  www.transplantacija.lt/content/nuorodos/lietuvoje.en

- **Luxembourg**
  Ministère de la Santé:
  www.dondorganes.public.lu

- **Malta**
  Ministry for Social Policy:
  www.sahha.gov.mt and Transplant Support Group: **www.transplantsupport.com.mt**

- **Moldova**
  Agentia de Transplant:
  www.transplant.md

- **Netherlands**
  Nederlandse Transplantatie Vereniging:
  www.transplantatievereniging.nl

- **Norway**
  Rikshospitalet / Radium Hospitalet:
  www.rikshospitalet.no
  and see also Scandiatransplant

- **Poland**
  Poltransplant: **www.poltransplant.org.pl**

- **Portugal**
  Organização Portuguesa de Transplantação:
  www.opt.min-saude.pt
  and Lusotransplante:
  www.chsul.pt/main.asp

- **Romania**
  Romtransplant: **www.romtransplant.ro**
  and National Transplant Agency:
  www.transplant.ro

- **Scandiatransplant**
  (Denmark, Finland, Iceland, Norway and Sweden):
  www.scandiatransplant.org

- **Slovak Republic**
  Slovenské Centrum Orgánových Transplantácií (SCOT): **www.ncot.sk**

- **Slovenia**
  Institute of the Republic of Slovenia for the Transplant of Organs and Tissues (Slovenija Transplant):
  www.slovenija-transplant.si

- **Spain**
  Organización Nacional de Trasplantes (ONT): **www.ont.es**

- **Sweden**
  Swedish Council for Organ and Tissue Donation: **www.donationsradet.se**
  see also Scandiatransplant.

- **Switzerland**
  Fondation nationale Suisse pour le don et la transplantation d'organes:
  www.swisstransplant.org
  www.dondorganes.org

- **United Kingdom**
  UK Transplant: **www.uktransplant.org.uk**